РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности
# за месец мај 2019

јуни, 2019

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 1

Испит за административно управување ..... 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 4

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 5

Јавни набавки ..... 5

Реализација на буџет ..... 6

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец мај 2019 година, примени се 24 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, запрени се 4 барања, објавени се 14 огласи, за вкупно 26 работни места за 29 извршители. За институциите од централната власт објавени се 5 јавни огласи за 11 работни места со 14 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 9 јавни огласи за 15 работни места со 15 извршители. На објавените огласи пријавени се 51 кандидати, од кои 46 на огласи за институциите од централна власт, а 5 кандидати се пријавени за институциите од локалната власт.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | Вкупно | Институции од централната власт | | | | | Институции од локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 24 | 4 | 14 | | 5 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 9 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 26 | | 1 | 7 | 3 | 11 | | 1 | 10 | 4 | 15 |
| Извршители | | | 29 | | 1 | 10 | 3 | 14 | | 1 | 10 | 4 | 15 |
| Број на пријавени кандидати | | | 51 | | 12 | 26 | 8 | 46 | | / | 2 | 3 | 5 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 6 | | / | 3 | / | 3 | / | / | 2 | 6 | 3 |

*Табела 1. Јавни огласи мај 2019*

Во истиот период спроведени се 25 административни селекции за пријавени 361 кандидати, спроведени се 19 испити на кои што се поканети 525 кандидати, од кои полагале 132 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 13 огласи за 138 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 13 огласи и предлог за избор на 52 кандидати, а објавени се 6 одлуки за избор на кандидати за вработување од 5 огласи.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 25 | 361 | 19 | 525 | 132 | 13 | 138 | 13 | 53 | 13 | 52 | 5 | 6 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи во мај 2019*

Во Агенцијата за администрација во месец мај 2019 година, примени се 11 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 11 огласи, за вкупно 32 работни места за 33 извршители. За институциите од централната власт објавени се 8 интерни огласи за 28 работни места со 29 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 3 интерни огласи за 4 работни места со 4 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | Вкупно | Институции од централната власт | | | | | Институции од локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 11 | / | 11 | | 8 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 3 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 32 | | 10 | 15 | 3 | 28 | | 1 | 3 | / | 4 |
| Извршители | | | 33 | | 10 | 16 | 3 | 29 | | 1 | 3 | / | 4 |

*Табела 3. Интерни огласи мај 2019*

# Испит за административно управување

Во текот на месец мај 2019 година, спроведени се 8 испити за административно управување и испратени се 4 Известувања до Министерството за информатичко општество и администрација за резултатите од полагањето на испитот. На спроведените сесии за административно управување, пријавени беа 85 кандидати. Од нив на испитот се појавија 34 кандидати, од кои што испитот го положија 26 кандидати или 76%. Од кандидатите кои што се пријавени, 60 се вработени во јавен сектор, 9 во приватен сектор, додека 16 од пријавените кандидати се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | положиле | неположиле | јавен сектор | приватен сектор | невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 85 | 34 | 26 | 8 | 60 | 9 | 16 |

*Табела 4. Административно управување мај 2019*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец мај 2019 година, беа поднесени 47 жалби. Во тековниот месец Комисијата одржа 8 седници, обработи 30 жалби, од кои 28 жалби се од државни службеници и 2 жалби од јавни службеници.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од државните службеници уважени се 5, одбиени 16, отфрлени како недозволени 2, мериторно уважени 2, мериторно одбиени 2 и Комисијата се огласила за ненадлежна за 1 жалба.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од јавните службеници одбиена 1 и мериторно е уважена 1 жалба.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од јавните службеници уважена 1, одбиена 1, отфрлена како недозволена 1, мериторно уважена 1 и мериторно одбиена 1 жалба.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | уважени | | одбиени | | отфрлени како недозволени | | отстапени на друг орган | | повлечени од подносител | | не надлежност | | мериторно уважени | | мериторно одбиени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 41 | 6 | 28 | 2 | 5 | / | 16 | 1 | 2 | 1 | / | / | / | / | 1 | / | 2 | 1 | 2 | / |

*Табела 5. Обработени жалби во мај 2019*

# Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец мај 2019 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 25 предмети од кои 4 се однесуваат на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 21 предмет се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, општини, граѓани и други, и тоа: Државно правобранителство на Република Северна Македонија (4), Извршител Крум Коцарев од Скопје (1), Основен суд Скопје 2 Скопје (1), Општина Лозово (2), Средно општинско стручно училиште „Илинден“ (1), ООУ „Толи Зордумис“ од Куманово (1), Инспекциски совет (9), ООУ „Вера Цирвивири Трена“ од Скопје (1) и Народно правобранителство на Република Северна Македонија (1).

Директорот на Агенцијата за администрација заедно со генералниот секретар, во периодот од 09 до 11 мај 2019 година, присуствуваа на „80-та Средба на правниците“, организирана од страна на Здружението на правници, одржана во Охрид.

На ден 21.05.2019 година, директорот на Агенцијата присуствуваше на **98-та седница на Собранието на РСМ**, на која на Дневен ред беше Извештајот за работа на Агенцијата за администрација за 2018 година и претресот на Извештајот беше завршен со прост премин.

Исто така директорот на Агенцијата на ден 21.05.2019 година, како член на Советот, присуствуваше на **Петтата седница на Советот за реформа на јавната администрација**.

Во периодот од 13 до 15 мај 2019 година се одржа **„Работилница за подготовка на подзаконски акти на Законот за висока раководна служба“** во х. Скардус Тетово во организација на МИОА на која присуствуваше генералниот секретар на Агенцијата.

Вработени од Агенцијата во текот на месец мај 2019 година присуствуваа на следните настани:

- Присуство на Работна група за преглед и ажурирање на методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на анти-корупциската политика, Министерство за правда, Скопје, 03.05.2019 година;

- Присуство на обука на тема: „Ревидирање врз база на ризици и научени лекции од пилот ревизиите“ во рамките на Твининг лајт проектот„Понатамошно подобрување на системот на внатрешна контрола“, Царинска управа, Скопје, 06.05.2019 година;

- Присуство на конференција „Анти-дискриминација и размена на добрите практики и предизвици“, х.Мериот, Скопје, 21.05.2019 година;

- Присуство на Работен состанок со офицери за отворени податоци, Министерство за информатичко општество и администрација, Скопје, 23.05.2019 година.

# Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата, пристигнати се 57 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои што на 49 е одговорено, а на 8 не е одговорено.

# Јавни набавки

Во текот на месец мај 2019 година, утврдена е потреба од започнување на 2 постапки за јавни набавки за кои се донесени одлуки за јавни набавки, објавен е 1 оглас за јавни набавки на ЕСЈН, донесена е 1 одлука за избор на најповолна понуда и склучен е 1 договор за јавна набавка со вкупна вредност од 50.000,00 денари без ДДВ, односно 59.000,00 денари со ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 2 | 1 | 1 | 1 |

*Табела 6. Јавни набавки мај 2019*

# Реализација на буџет

Во месец мај 2019 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2019 година | Реализација на буџетот до 31.05.2019 | Реализација на буџетот од 01.05.2019 - 31.05.2019 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2019 |
|---|---|---|---|---|
| 401–основни плати | 22.913.000,00 | 9.248.212,00 | 1.918.159,00 | 13.664.788,00 |
| 402-придонеси за социјално осигурување | 8.475.000,00 | 3.490.687,00 | 727.576,00 | 4.984.313,00 |
| 420-патни и дневни расходи | 60.000,00 | 35.905,00 | 0 | 24.095,00 |
| 421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2.500.000,00 | 907.991,00 | 157.176,00 | 1.592.009,00 |
| 423-материјали и ситен инвентар | 300.000,00 | 107.678,00 | 1.650,00 | 192.322,00 |
| 424-поправки и тековно одржување | 2.500.000,00 | 871.636,00 | 236.015,00 | 1.628.364,00 |
| 425-договорни услуги | 1.700.000,00 | 367.416,00 | 60.698,00 | 1.332.584,00 |
| 426-други тековни расходи | 400.000,00 | 245.358,00 | 30.210,00 | 154.642,00 |
| 480-купување на опрема и машини | 500.000,00 | 128.940,00 | 0 | 371.060,00 |
| 483-купување на мебел | 50.000,00 | 0 | 0 | 50.000,00 |
| 485-вложување и нефинансиски средства | 4.000.000,00 | 814.217,00 | 15.750,00 | 3.185.783,00 |
| ВКУПНО | 43.398.000,00 | 16.218.040,00 | 3.147.234,00 | 27.179.960,00 |

*Табела 7. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*